Република Северна Македонија
Универзитет СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ во Скопје
ШУМАРСКИ ФАКУЛТЕТ
Бр. 01 - 448/11
13.11 2019 год.
СКОПЈЕ

# УПАТСТВО

ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ ИЗБОРИ ЗАПРЕТСЕДАТЕЛ И ЧЛЕНОВИ НА ФАКУЛТЕТСКО СТУДЕНТСКО СОБРАНИЕ ПРИ УКИМ ШУМАРСКИ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ,
учебна 2019/2020 год.

Ова упатство е наменето за спроведување избори за претседател и членови на Факултетско Студентско Собрание на УКИМ Шумарски факултет во Скопје закажани за ден 20.11.2019 година од 8,оо до 16,оо часот. Следниве чекори се дизајнирани да обезбедат слободни, фер и демократски избори.

**Чекор 1:** Деканот назначува Изборна комисија за спроведување на изборите за претседател и членови на факултетското студентско собрание за да го следи, надгледува и управува со изборниот процес: од номинирање на кандидатите до гласање на денот на изборите.

**Чекор 2**: Изборната комисија, по нејзиното назначување, ќе ја преземе постапката на изборниот процес.

**Чекор 3:** Изборната комисија назначува Избирачки одбор составен од еден наставник и двајца студенти чија обврска е непосредно спроведување на изборите.

## I. КАНДИДАТИ ЗА ПРЕТСТАВНИЦИ ВО ФАКУЛТЕТСКОТО СТУДЕНТСКО СОБРАНИЕ

**Чекор 4**: Кандидатите за претставници (членови и претседател) во Факултетското студентско собрание (ФСС) се утврдуваат на собири на студенти по предлог на студентите.

Собири на студенти ќе се организираат со студенти од I, II III, и IV студиска година, запишани на студиски програми на Факултетот и тоа:

- студиската програма шумарство,
-студиската програма пејзажно дизајнирање,
-студиската програма екоинженеринг и екоменаџмент.

Денот, часот и местото на организирање на собирите е дефиниран со Одлуката на деканот за распишување избори која е објавена на веб страната на Факултетот и по електронска пошта испратена до сите студенти кои имаат запишано зимски семестар во учебната 2019/2020 година.

На собирите можат да присуствуваат, да предлагаат и да бидат предложени студенти кои запишале зимски семестар во учебната 2019/2020 година.

Кандидат за Претседател на студентското собрание може да биде студент кој има освоени најмалку 90 кредити и кој не студура подолго од 5 години.

Факултетско студентско собрание го сочинуваат по еден претставник од секоја студиска година од трите студиски програми и тоа:

- од студиска програма Шумарство, 4 (четири)
- од студиска програма Пејзажно дизајнирање, 4 (четири),
- од студиска програма Еконженеринг и екоменаџмент 4 (четири),

**Чекор 5**: Кандидатите за членови во Факултетското студентско собрание и претседател на Факултетското студентско собрание, од предложените студенти на собирите на студенти, преку проверка на исполнетост на условите, ги утврдува Изборна комисија формирана од деканот на Факултетот со Одлука со која се распишуваат изборите.

На организираните собири на студенти, студентите предлагаат најмалку 2 (два) а најмногу 5 (пет) кандидати за членови на ФСС за секоја студиска година и секоја студиска програма одделно.

На организираните собири на студенти, студентите предлагаат кандидати за преседател на ФСС.

Листата на кандидати за претседател на ФСС ја утврдува Изборната комисија со проверка на исполнетост на условите.

**Чекор 6**: Изборната комисија изготвува записник за секој одржан собир. Во записникот се констатира текот на собирот и поднесените предлози, со констатација за тоа кои студенти се предложени за кандидати за членови и претседател на ФСС.

**Чекор 7**: По одржување на сите собири на студенти, Изборната комисија врз основа на записниците од одржаните собири донесува Одлука со која констатира дека предложените кандидати ги исполнуваат, односно не ги исполнуваат условите да бидат номинирани за членови и претседател на ФСС. Во одлуката се наведува личното име на кандидатот, студиска програма и студиска година. Одлуката на Изборната комисија е конечна и се објавува на веб страната на Факултетот најдоцна 7 дена пред одржување на изборите.

## II. СПРОВЕДУВАЊЕ НА ИЗБОРИТЕ

Членовите и претседателот на ФСС се избираат на непосредни фер и демократски избори со тајно гласање, со мандат од една година и со право на уште еден избор.

Тајното гласање се врши со гласачки ливчиња. Изборната комисија изготвува 4 вида гласачки ливчиња и тоа:

-гласачко ливче со утврдени кандидати од сите студиски години од студиската програма шумарство,

-гласачко ливче со утврдени кандидати од студиската програма пејсажно дизајнирање,

-гласачко ливче со утврдени кандидати од студиската програма екоинженеринг и екоменаџмент

-гласачко ливче со утврдени кандидати за претседател на ФСС.

Тајното гласање го спроведува Избирачкиот одбор, кој пред одржување на гласањето обезбедува се што е неопходно потребно за спроведување на изборите. Избирачкиот одбор обезбедува 3 (три) гласачки кутии на кои е точно назначена студиската програма/и за чии претставници се гласа посебно и 1 гласачката кутија каде се гласа за претседател на ФСС.

За спроведување на изборите се креираат 4 гласачки ливчиња, едно за избор на престедател и три за избор на членови на ФСС.

Гласачките ливчиња за членови на ФСС се креираат по студиски програми на кои утврдените кандидати се наведени по студиски години.

Гласачкото ливче го содржи логото на Факултетот и Универзитетот , кратко упатство за начинот на гласање, денот на одржување на гласањето, имињата и презимињата на утврдените кандидати по студиски години наредени по азбучен ред според презимето на кандидатот и реден број пред презимето, студиската програма од која се бираат претставници, максималниот број на кандидати за кои може да се гласа.

Гласачките ливчиња се еднакви по боја, форма и големина.

Изборната комисија пред одржување на гласањето ја констатира бројната состојба на изборниот материјал.

Изборната комисија го изготвува списокот на студенти кои имаат право на глас и го задолжува Избирачкиот одбор со соодветниот број на гласачки ливчиња.

Секој студент кој запишал зимски семестар во учебната 2019/2020 година има право да гласа. Студентот на гласачкото место се идентификува со индекс и се потпишува во избирачки список што е доказ дека го остварил своето право на глас.

Според структурата на Факултетско студентско собрание, студентите можат да гласаат за еден кандидат на гласачкото ливче за претседател, а за член на ФСС по еден кандидат од секоја студиска година и студиска програма со заокружување на редниот број на кандидатот.

Гласачките кутии се затвораат точно на денот и во часот наведени во Одлуката за распишување на изборите (20.11.2019 година во 16,оо часот) По затворање на гласачкото место Изборната комисија пристапува кон утврдување на резултатите од гласањето со пребројување на гласовите за секој кандидат од секоја поединечна гласачка кутија.

Доколку на гласачкото ливче за претседател на ФСС се заокружени повеќе од еден кандидат, ливчето ќе се смета за неважечко. Неважечко е и ливчето на кое се внесени нови имиња и ливчето од кое со сигурност не може да се утврди за кој кандидат се гласало, како и ливчето на кое не е заокружен ниту еден кандидат.

Доколку на гласачкото ливче за член на ФСС, во рамките на студиска година се заокружени повеќе од еден кандидат, внесено ново име или со сигурност неможе да се утврди за кој кандидат се гласало, делот од гласањето за таа студиска година ќе се смета за неважечко.

Доколку по било кој дел од гласачкото ливче се напишани/исцртани било какви знаци, целото гласачко ливче се смета за неважечко.

Изборната комисија составува записник за резултатите од гласањето во кој се констатира кои кандидати се избрани за членови и претседател на ФСС. Гласачкиот материјал го запечатува во пликови и заедно со записникот го предава во архивата на Факултетот.

За избран претседател и членови на Факултетското студентско собрание се смета/сметаат кандидатот/кандидатите кои добиле најмногу гласови од студентите кои гласале.

Верификувањето на избраните членови и претседател на ФСС го врши деканот на факултетот.

Изборна комисија,

1. Проф. д-р Панде Трајков;
2. Проф. д-р Македонка Стојановска;
3. Елеонора Николовска, студент;
4. Мартина Ѓорѓиовска, студент;
5. Софија Ристевска, студент.